Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

Архивски знак. ____
Рок на чување. ____
____ 20___год.
Потпис

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Примено: 17-11-2022

| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 18-2475/ | | | |

Архивски бр. 15-7857/2

Дата: 14-11-2022

ДО: Општина Штип
Ул. Васил Главинов бр. 4Б
2000 Штип
Република Северна Македонија

ПРЕДМЕТ: Мислење по Финален Извештај за стратегиска оцена на животната средина
Врска: ваш бр. 18-2475/13 од 31.10.2022 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на мислење доставено до Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за просторно планирање под **бр. 15-7857/1 од 04.11.2022 година** и доставениот Финален Извештај за стратегиска оценка на животната средина за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Г4-Стоваришта, складови и отпади на дел од КП бр. 316/1, КО Ново Село Штип, – Општина Штип,** врз основа на спроведена постапка за стратегиска оцена на животната средина, и спроведена постапка учество на јавноста, Министерството за животна средина и просторно планирање нема забелешки и дава **позитивно мислење** по содржината и обемот на документот. Во прилог на наведеното, Министерството за животна средина и просторно планирање посочува дека предметниот Извештај за стратегиска оцена на животната средина ги содржи аспектите за заштита на животната средина, како и економските и социјалните прашања во фазите на планирање и имплементирање на планот, како и преглед на регулаторната рамка и процедури кои ќе служат како основа за проценки на влијанијата врз животната средина за сите идни подпроекти кои би се реализирале во рамки на планот. Согласно наведеното, Министерството смета дека е постигната општата цел на Извештај за стратегиска оцена на животната средина односно дека е направена целосна анализа на потенцијални влијанија од донесувањето и имплементацијата на урбанистичкиот план кој е предмет на стратегиска оцена, а воедно се утврдени и мерки за заштита, намалување и неутрализација на негативните влијанија и план за мониторинг на животната средина.


Министерство за животна срединаи просторно планирањенаРепублика Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e MjedisitJetësordhePlanifikimithapësinore
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "PresvetaBogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Истовремено, се препорачува доследна примена на мерките предвидени во извештајот за Стратегиска оцена на животна средина.

Со почит,

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изработил: Бајрам Цамиќ

Одобрил: Милева Тагасовска